Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 28.10.2020

На 28.10.2020 околу 01.10 часот, во тетовско Горно Палчиште, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.А.(33) од тетовско Јеловјане, затоа што при негов и преглед на возилото „фолксфаген голф“, со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена марихуана. А.А. е задржан во Полициската станица Тетово и ќе следува соодветен поднесок.

На 27.10.2020 околу 13.40 часот, на крстосницата на улиците „Видоја Смилевски-Бато“ и „Борис Кидрич“ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 28-годишниот тетовец М.А., поради сомнение дека неговото возило „мерцедес“, со тетовски регистарски ознаки, има фалсификуван број на шасијата. Возилото со потврда му е одземено.

На 27.10.2020 во 16.40 часот од страна на полициски службеници од ЕВР – ОКР Ѓорче Петров приведен е Ј.Ч. (41) во Скопје за издржување казна затвор. Лицето е спроведено во КПУ Затвор Скопје.

На 27.10.2020 во 16.10 часот било пријавено дека на локалниот пат кон с.Крњево, при вкрстувањето со локален пат за с.Барово, кавадаречко, трактор марка „ИМТ 533“, со кавадаречки регистарски ознаки, управуван од Г.Н.(37) од Кавадарци, излетал од коловозот. Г.Н. починал на местото на незгодата. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено на семејството.

На 27.10.2020 во 11.30 часот во Полициската станица Центар, Е.Г.(42) од Скопје пријавила дека на кеј на реката Вардар била каснатата од куче скитник.

На 27.10.2020 во 12.30 часот во Полициската станица Драчево, Л.З.(51) од Скопје пријавила дека во близина пазарот во населбата Драчево била каснатата од куче скитник.
На 27.10.2020, при претрес извршен во стан во Охрид, што го користел Г.Ц.(39) од охридското село Подмолје, полициските службеници од криминалистичката полиција при СВР Охрид, пронајдоа и одзедоа семки од растението канабис и марихуана. Г.Ц. е приведен и по целосно документирање на случајот, СВР Охрид ќе поднесе соодветна пријава.

На 27.10.2020 во 19.15 часот, во близина на деловен објект лоциран на регионалниот пат Струга – Дебар, при преглед извршен врз Т.Р.(29) од Охрид, кој бил во патничко возило „пежо 206“, со охридски регистарски ознаки, пронајден е и одземен кокаин. Тој е приведен во полициска станица, по што ќе му биде поднесена соодветна пријава.

На 27.10.2020 на поширокото тетовско подрачје била спроведена сообраќајна контрола во јавниот превоз, при што биле откриени и законски санкционирани четири возила без лиценца и едно возило кое ја прекршило владината одлука во врска со справување со коронавирусот. На сопствениците на возилата им се изготвени соодветни кривични пријави. Покрај ова, во рамки на контролата биле откриени и четири возила со истечена регистрација...

На 27.10.2020 во 18.30 часот во ОВР Прилеп, К.Б.(60) од Прилеп пријавил дека околу 17.30 часот, додека бил на своето работно место во продажен објект во Прилеп, О.М. се однесувал агресивно и се обидел физички да го нападне, оштетувајќи го инвентарот, по што пристигнал М.Б.(31), син на пријавителот, кој бил физички нападнат од О.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.10.2020 во 01.45 часот на раскрсница на пат од с.Орешани со с.Таор, скопско, од полициски службеници од СВР Скопје биле приведени С.Д.(25) од с.Таор и С.Г.(22) од с.Орешани, бидејќи физички нападнале полициски службеници кои извршувале работни задачи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.С.(36) од Куманово, сопственик и управител на фирма од Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем“. На 24.02.2020, пријавениот неовластено влегол во компјутерските подотоци на банкарската кредитна картичка на А.А. од Охрид и извршил шест трансакции, со што ѝ нанел материјална штета.

На 27.10.2020 во 20.30 часот во СВР Скопје, Л.К.(42) од Скопје пријавила дека во 14.30 часот, во круг на продажен салон на подрачјето на Кисела Вода, била физички нападната од Д.К. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.10.2020 во 17.10 часот на подрачје на Аеродром бил лишен од слобода Д.К.(39) од Скопје, бидејќи го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон полициски службеник. Против него ќе следи соодветен поднесок.

На 27.10.2020 во 16.00 часот во СВР Скопје, Д.К. пријавил дека во угостителски објект на подрачјето на Аеродром имало оштетување на кровот и паркетот од залутано зрно. Нема повредени лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.А.(57) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. На 24.09.2020 во Охрид, при контола од полициски службеници, пријавениот не бил затекнат во домот, со што постапил спротивно на Решението за задолжителна самоизолација.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Б.(34) од Тетово, поради тоа што на 09.10.2020 во Тетово при контрола од полициски службеници, пријавениот не бил затекнат во домот, а за истиот било изготвено Решение за самоизолација, но тој не го подигнал и одбил да соработува со Центарот за јавно здравје.

На 27.10.2020 околу 22.00 часот на клучка Матка од полициски службеници од СВР Скопје бил приведен М.М.(48) од с.Семениште, скопско, бидејќи се однесувал агресивно кон полициски службеници кои извршувале работни задачи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет